**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за градење |
| Министерство: | Министерство за транспорт и врски |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Лилјана Поповиќ<br>3 145 410 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | април 2012 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

Се предлага да се уреди на поинаков начин прашањето за водењето на постапката за изградба на технолошките индустриски развојни зони и градбите во овие зони, односно за нив постапката за издавање на одобрение за градење да ја води друг орган кој ќе биде пропишан со Законот за технолошки индустриски развојни зони. Од овие причини се предлага и измени на постојниот член 57 со кој е утврдена категоризација на градби. Ова е поради искажаните сугестии од страна на странските инвеститори кои предлагаат на едно место и во еден орган да се води целокупната постапка како за давање на земјиштето под закуп така и добивањето на одобрението за градење во зоните.

Се предлага изменување и дополнување на одредбите со кои се пропишани условите за добивање на овластување кое го издава Комората на овластени архитекти и инженери се со цел условите во поглед на стекнато образование да се